**20170911738**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 394 алинеја 17 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15 и 55/16), министерот за внатрешни работи, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРЕДАВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА СООБРАЌАЈНИ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ И ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ВО АВТОШКОЛА

Член 1

Во Правилникот за форма и содржина на образецот на барањето и на образецот на лиценца за предавач по наставна програма сообраќајни правила и прописи и возач-инструктор во автошкола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/16), Прилогот бр.3 се заменува со нов Прилог бр. 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1-47303/1
11 јули 2017 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** Прилог број 3
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

____________________________________________

**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ВО АВТОШКОЛА**

од ____________________________________________________________

____________________________________________________________

(податоци за подносителот на барањето, име, татково име и презиме, ден месец и година на раѓање, место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, живеалиште и адреса)

**Причини за поднесување на барање за издавање на лиценца:**

I. Издавање на лиценца за возач-инструктор;

II. Издавање на лиценца за возач-инструктор, поради губење на лиценцата, поради уништена, оштетена или дотраена лиценца;

III. Издавање на лиценца за возач-инструктор, поради промена на лично име или друг податок на подносителот на барањето.

**ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО:**

.1 При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во важечка лична карта од која може да се утврди идентитетот и живеалиштето на подносителот на барањето.
2. Доказ за општа психофизичка здравсвена способност.
3. Доказ за неосудуваносто со правосилна судска пресуда.
4. Доказ за положен стручен испит за возач-инструктор, за постапката од точка I.
5. Доказ на увид за поседување на дозвола за возач-инструктор, во постапката од точка I.
6. Писмена изјава од возач-инструктор за изгубена, уништена, оштетена или дотраена лиценца за возач-инструктор во постапката од точка II.
7. Доказ за извршена промена на лични податоци или важечка лична карта за постапката од точка III.
8. Доказ за платени трошоци за административна тракса и трошоци за образецот на лиценцата за возач-инструктор.

9. Други документи неопходни за постапката ______________________________

Постоечката лиценца.
Доказот од точка 7, службеното лице ги проверува од службените евиденции.

Датум и место: ____________ Барател,

____________________

Податоци за контакт____________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето____________________